VOL. 1 NO. 1

SKOPJE 2023

# BHHS

## balkan hip hop studies

journal of hip hop & urban culture




>>> WWW.BALKANHHS.COM

УРБАН ИНСТИТУТ

ISSN 2955-2192
ISSN 2955-2206

# БАЛКАНСКИ ХИП-ХОП СТУДИИ (БХХС)

**Меѓународно списание за хип-хоп и урбана култура**

# BALKAN HIP HOP STUDIES (BHHS)

**International Journal of Hip Hop and Urban Culture**

ISSN 2955-2192 (печатена верзија) (printed)
ISSN 2955-2206 (веб-верзија) (online)

**Год. I, Бр. 1**
**Скопје, 2023**

**Vol. I. No. 1**
**Skopje, 2023**

**БАЛКАНСКИ ХИП-ХОП СТУДИИ**
(БХХС)
Меѓународно списание за хип-хоп и урбана култура

ИЗДАВА
Урбан Институт-Скопје

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Славчо Ковилоски

РЕДАКЦИЈА
Јулијана Папазова
Александар Ковилоски
Елена Пренџова

МЕЃУНАРОДЕН УРЕДУВАЧКИ ОДБОР
Антоанела Петковска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија
Ристо Солунчев, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Македонија
Венцислав Димов, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Софија, Бугарија
Грегор Помпе, Универзитет во Љубљана, Словенија
Мојца Кревел, Универзитет во Љубљана, Словенија
Звонко Танески, Универзитет „Коменски“, Братислава, Словачка
Јелена Арсенијевиќ Митриќ, Универзитет во Крагуевац, Србија
Татјана Вукелиќ, Универзитет во Риека, Хрватска
Сребренка Мачковиќ, Универзитет во Сараево, Босна и Херцеговина

НАДВОРЕШНИ СОРАБОТНИЦИ
Стефан Марковски, Биљана Миловановиќ Живак, Гоце Трпков – ДЈ Гоце САФ, Тони Петковски – Тони Зен, Огнен Андоновски – ДЈ Бугимен, Александар Кацарски – Кацар

**BALKAN HIP HOP STUDIES**
(BHHS)
International Academic Journal of Hip Hop and Urban Culture

Publisher
Urban Institute-Skopje

EDITOR-IN-CHIEF
Slavcho Koviloski

EDITORIAL BOARD
Julijana Papazova
Aleksandar Koviloski
Elena Prendjova

INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD
Antoanela Petkovska, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Macedonia
Risto Solunchev, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Macedonia
Ventsislav Dimov, St. Kliment Ohridski University in Sofia, Bulgaria
Gregor Pompe, University in Ljubljana, Slovenia
Mojca Krevel, University in Ljubljana, Slovenia
Zvonko Taneski, Comenius University in Bratislava, Slovakia
Jelena Arsenijević Mitrić, University in Kragujevac, Serbia
Tatjana Vukelić, University in Rijeka, Croatia
Srebrenka Mačković, University in Sarajevo, Bosnia and Hercegovina

EXTERNAL COLLABORATORS
Stefan Markovski, Biljana Milovanović Živak, Goce Trpkov – DJ Goce SAF,
Toni Petkovski – Toni Zen, Ognen Andonovski – DJ Boogieman,
Aleksandar Kacarski – Kacar

Меѓународното научно списание *Балкански хип-хоп студии* излегува двапати годишно во печатена и во електронска форма на посебна веб-страница:
www.balkanhhs.com

Јазично уредување на македонски јазик:
Верица Тоциновска

Јазично уредување на англиски јазик:
Елена Пренџова

Графичко уредување и корица:
Славчо Ковилоски
Стефан Марковски

Печати:
Академска мисла – Скопје

Тираж:
100

Трудовите во списанието се објавуваат на: македонски јазик, англиски јазик, словенските јазици.
Трудовите се рецензираат.

ISSN 2955-2192 (печатена верзија)
ISSN 2955-2206 (веб-верзија)

The International Scientific Journal *Balkan Hip Hop Studies* is issued twice a year in printed form and online at the following website:
www.balkanhhs.com

Macedonian Language Proofreading:
Verica Tocinovska

English Language Proofreading:
Elena Prendjova

Technical Editors:
Slavcho Koviloski
Stefan Markovski

Printed by:
Akademska misla – Skopje

Copies:
100

Papers can be submitted and published in the following languages: Macedonian, English and all Slavic Languages.
All papers are peer-reviewed.

ISSN 2955-2192 (printed)
ISSN 2955-2206 (online)

## СОДРЖИНА / TABLE OF CONTENTS


ПРЕДГОВОР
9
FOREWORD
11

**ТЕКСТОВИ / PAPERS**

Јулијана Папазова. МЕМОРИЈАТА ЗА ГРАДОТ СКОПЈЕ КАКО ТЕМА ВО МАКЕДОНСКИТЕ ХИП-ХОП ПЕСНИ
(Julijana Papazova. THE MEMORY OF THE CITY OF SKOPJE AS A SUBJECT IN MACEDONIAN HIP HOP SONGS)
15-24

Сузи Тенева. ТЕКСТОВИТЕ ВО ХИП-ХОПОТ КАКО ОДРАЗ НА ИДЕНТИТЕТОТ НА ПОЕДИНЕЦОТ
(Suzi Teneva. LYRICS IN HIP HOP AS REFLEXION OF INDIVIDUAL'S IDENTITY)
25-31

Tatjana Vukelić. FROM A HASHTAG TO STREET POLITICS
(Татјана Вукелиќ. ОД ХАШТАГ ДО УЛИЧНИ ПОЛИТИКИ)
33-47

Славчо Ковилоски. МАКЕДОНСКИОТ ХИП-ХОП: ХАРДКОР КОЛКУ ШТО МОЖЕ ДА БИДЕ
(Slavcho Koviloski. MACEDONIAN HIP HOP: HARDCORE AS IT CAN BE)
49-55

Дејан Методијески. ВТОРИОТ БРАН НА БУГАРСКИОТ ХИП-ХОП: АНАЛИЗА НА МУЗИЧКИТЕ ИЗДАВАЧКИ КУЌИ SNIPER И R'N'B
(Dejan Metodijeski. THE SECOND WAVE OF BULGARIAN HIP HOP: AN ANALYSIS OF SNIPER AND R'N'B RECORD LABELS)
57-68

Elena Prendjova. AUDIENCE PARTICIPATION IN POETRY SLAM PERFORMANCE ACTS AND SHOWS
(Елена Пренџова. УЧЕСТВОТО НА ПУБЛИКАТА НА ПОЕТРИ СЛЕМ НАСТАНИТЕ)
69-80

Александар Ковилоски. СОЦИО-КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА ПОТКУЛТУРИТЕ И НИВНОТО МЕСТО ВО ПОСТМОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО
(Aleksandar Koviloski. THE SOCIO-CULTURAL IDENTITY OF SUBCULTURES AND THEIR PLACE IN POSTMODERN SOCIETY)
81-92

**ОСВРТ / REVIEW**

Валерија Дамчевска. СЛЕМОТ ВО МАКЕДОНИЈА: МИКРОКОСМОС НА КУЛТУРНО ДВИЖЕЊЕ
95-96

**ДОДАТОК / APPENDIX**

97-104

# ПРЕДГОВОР

Првиот број на меѓународното научно списание *Балкански хип-хоп студии* (БХХС) излегува како производ на повеќегодишната работа и заложби за промоција на хип-хопот и урбаната култура на основачите на списанието. Со оглед на тоа што хип-хопот како култура веќе подолго време се изучува на голем број високообразовни институции, а постојат и голем број изданија посветени на него, ја почувствувавме потребата за издавање научно списание коешто ќе се однесува на хип-хопот и урбаната култура на Балканот. Во списанието ќе се објавуваат прилози коишто можат да се однесуваат на музиката, културолошките студии, лингвистиката, литературата, уметноста, танцот, историјата, социолингвистиката, социологијата, филозофијата, перформативните уметности, педагогијата итн. Вклучувањето на сите овие научни полиња е со цел хип-хопот, слемот, афроамериканската и урбаната култура да бидат претставени од различни аспекти и гледишта.

Првиот број излегува во годината кога низ целиот свет се одбележува педесетгодишниот роденден на *хип-хопот*. И тоа е еден убав повод за создавањето на вакво списание.

Како прво вакво македонско и балканско издание, искрено се надевам дека ќе успееме во нашите намери да обединиме еден поширок круг балкански интелектуалци со една зададена мисија, промоција на урбаните вредности. За таа цел беше формиран меѓународен уредувачки одбор во кој учество зедоа професорите Грегор Помпе, Мојца Кревел, Венцислав Димов, Сребренка Мачковиќ, Јелена Арсенијевиќ Митриќ, Татјана Вукелиќ и Звонко Танески од универзитетите во Љубљана, Софија, Сараево, Крагуевац, Риека и Братислава, како и професорите Антоанела Петковска и Ристо Солунчев од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На сите нив им искажуваме голема благодарност.

Редакцијата, пак, одговорна за содржината и изгледот на списанието ентузијастички одговори на сите предизвици со коишто се соочивме во текот на самата постапка на регистрирање, креирање и издавање на ова издание. Упатувам благодарност до нив: Јулијана Папазова, музиколог, коавторка на *Историја на македонската популарна музика*; Елена Пренџова, поетеса, учесничка и со-организаторка на македонскиот „Поетри слем“ и Александар Ковилоски, хип-хоп активист, член

на групите Клан Исток и Браќа по крв, еден од основачите на организацијата Хип-Хоп Македонија. Исто така, упатувам благодарност до сите оние што на било каков начин биле вклучени во работата на БХХС.

Со оглед на тоа дека еден голем сон на авторот на овие редови е исполнет, следно што можам да посакам е списанието да го прошири составот на меѓународниот уредувачки одбор, вклучување на што поголем број автори и конечно, организирање на годишни балкански хип-хоп средби на кои авторите би можеле да ги презентираат своите видувања во однос на хип-хопот.

На крајот, на големо задоволство на Редакцијата, можеме да Ви ги презентираме *Балканските хип-хоп студии*.

проф. д-р Славчо Ковилоски,
главен и одговорен уредник на *Балканските-хип хип студии* (БХХС)

## FOREWORD

The first issue of Balkan Hip Hop Studies (BHHS) international scientific journal was published as a product of many years of work and commitment to the advocacy of hip hop and urban culture of the magazine's founders. Given that hip hop as a culture is taught at a number of higher education institutions for a long time, and there are also a number of publications dedicated to it, we felt the need to publish a scientific journal that would refer to hip hop and urban culture in the Balkans. In the magazine, contributions are to be published that may refer to music, cultural studies, linguistics, literature, art, dance, history, sociolinguistics, sociology, philosophy, performative arts, pedagogy, etc. The inclusion of all these academic fields is to present hip hop, slam poetry, African American, and urban culture from different aspects and points of view.

The first issue comes out in the year when the world celebrates the fiftieth birthday of *hip hop*. And that is but a right occasion for the birth of such a magazine.

As the first such Macedonian and Balkan edition, I sincerely hope that we are to succeed in our intentions to unite a wider circle of Balkan intellectuals with a single mission to promote urban values. For this purpose, an international editorial board formed in which lecturers Gregor Pompe, Mojca Krevel, Vencislav Dimov, Srebrenka Mačković, Jelena Arsenijević Mitrić, Tatjana Vukelić, and Zvonko Taneski from the universities of Ljubljana, Sofia, Sarajevo, Kragujevac, Rijeka and Bratislava respectively took part, as well as lecturers Antoanela Petkovska and Risto Solunchev from Ss. Cyril and Methodius University in Skopje. We express our great gratitude to all of them.

The editorial board, on the other hand, responsible for the content and layout of the magazine, responded enthusiastically to all the challenges we faced during the very process of registration, creation, and publication of the issue. I thank all of them: Julijana Papazova, musicologist, co-author of *Историја на македонската популарна музика* (*The History of Macedonian Popular Music*); Elena Prendjova, poet, participant, and co-organizer of the Macedonian National Poetry Slam Finals, and Aleksandar Koviloski, hip hop activist, member of the groups Клан Исток (Klan Istok) and Браќа по крв (Brakja po krv), one of the founders of Hip Hop Macedonia organization. I

also express my gratitude to all those involved in the creation of BHHS in any possible way.

Considering that a big dream of mine is fulfilled, the next thing I can wish is for the magazine to expand the composition of the international editorial board, to include as many authors as possible, and, finally, to organize annual Balkan hip hop meetings where authors could present their views regarding hip hop.

Finally, to the great pleasure of the Editorial Board, we present you *Balkan Hip Hop Studies*.

Lecturer Slavcho Koviloski, PhD
Editor-in-chief of *Balkan Hip Hop Studies* (BHHS)

# ТЕКСТОВИ

# PAPERS

БХХС/BHHS 1/2023
ISSN 2955-2192 (за печатената верзија) (printed version)
ISSN 2955-2206 (за веб верзијата) (online version)
УДК: 784.011.26:316.7(497.2)"1991/2005"
784.011.26:316.7(497.2)"2005/-"

# ВТОРИОТ БРАН НА БУГАРСКИОТ ХИП-ХОП: АНАЛИЗА НА МУЗИЧКИТЕ ИЗДАВАЧКИ КУЌИ SNIPER И R'N'B

**Дејан Методијески**
dejan.metodijeski@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Хип-хоп културата претставува современ феномен кој на глобално ниво своето распространување преку хип-хоп музиката го започнува во изминатите три декади. Целта на овој труд е да се направи истражување на хип-хоп културата во Бугарија, преку анализа на дејноста на највлијателните музички издавачки куќи од почетокот на овој милениум. За потребите на трудот, користени се секундарни извори на податоци преку консултирањето на релевантна литература како и интернетот. Во основа, развојот на бугарскиот хип-хоп можеме да го поделиме на три бранови. Првиот бран ги опфаќа почетоците на бугарскиот хип-хоп. Во трудот е опфатен вториот бран на бугарскиот хип-хоп, прикажан преку издавачката дејност на SNIPER и R'N'B Records. Резултатите од истражувањето покажуваат дека во периодот од 2000 до 2005 година, во Бугарија овие две музички издавачки куќи објавиле 24 албуми на различни артисти. Оваа издавачка дејност и продуцирањето на музичките албуми придонесува за појава на третиот бран на бугарскиот хип-хоп.

**Клучни зборови:** хип-хоп, Бугарија, SNIPER, R'N'B.

## Вовед

Хип-хоп културата е глобален феномен, а хип-хоп музиката со своите влијанија преку многу аспекти придонела во креирањето на современите тенденции на светската музичка сцена. Хип-хоп културата се состои од четири основни елементи и тоа (Terkourafi, 2010; Goldsmith, Dawn, Fonseca, 2019; Aprahamian, 2023): Диџеј (пуштање на музика и

скречување на грамофони), Б-бој или брејкденс (специфична форма на танц), МЦ/MC (master of ceremony, господар на церемонијата, рецитирање/рапување) и Графити (цртање на јавни површини со спреј и боја). Постојат и останати елементи на хип-хоп културата како битбокс, мода, говор, улично знаење, претприемништво и др. Во глобални рамки, најголемо влијание во промоцијата на хип-хоп културата има хип-хоп музиката. Хип-хоп музиката бележи неколку фази во својот историски развој кои може да се поделат на три основни: стара школа (период 1970-1992 година), нова школа (период 1992-1998 година) и блинг-блинг ера на хип-хопот од 1998 година па наваму. Прегледот на литературата за потребите на овој труд, покажа дека, постојат голем број автори во меѓународни рамки, кои публикуваат литература поврзана со различните аспекти на хип-хоп културата (Riggs, 2018; Parks & Cooper, 2022; Nava, 2022).

Хип-хопот како култура која е настаната во средината на 70-тите години од XX век во афроамериканските урбани средини во Соединетите Американски Држави, започнува да се распространува и на останатите континенти, најпрво во земјите од Европа, потоа Азија, Африка, Австралија и др. Денес, хип-хоп културата е присутна во глобални рамки и истата е застапена во скоро сите земји во светот. Најголемото влијание на хип-хоп културата се забележува преку популарноста на хип-хоп музиката. За потребите на овој труд ќе биде направен осврт на историскиот развој на хип-хопот во Бугарија.

**Историски развој на бугарскиот хип-хоп**

Прегледот на литературата поврзана со хип-хоп културата во Бугарија, покажа дека постојат редица автори кои пишувале на тематики поврзани со различните аспекти на хип-хоп културата во земјата (Стателова, 1995; Добрева, 2002; Иванова, 2008). Првите почетоци на хип-хоп музиката во Бугарија датираат од средината на 80-те години на XX век, а се поврзуваат со брејкденсот. Една од првите формации кои во тој период се занимавале со брејкденс, а која подоцна прераснала во рап група е групата Динамик. Во 1987 година, артистите Васко Теслата, Иво Тромбона (MC Гинис) и Алескандър ја создаваат групата AVI MC. Во 1988 година ја снимиле песната „Проблеми“[5], која се смета за прва

[5] https://www.youtube.com/watch?v=VioCEBEWzRY&t=29s (Пристапено на 26.8.2023)

бугарска рап песна. За оваа песна бил направен и видео запис кој се емитувал на Националната телевизија.

Хип-хоп музиката во Бугарија бележи неколку бранови во својот краток историски развој. Главно, тие може да се поделат на три основни бранови: прв бран (период 1991-1997 година), втор бран (период 2000-2005 година) и трет бран или нов бран на хип-хопот од 2005 година па наваму.

**Прв бран на бугарскиот хип-хоп**

По транзицијата на Бугарија кон демократско општество и пазарна економија од крајот на 1989 година, започнал непречениот влез на западната култура во Бугарија, вклучувајќи ја и хип-хоп музиката. За прв официјален бугарски рап албум се смета албумот „Оцеляват само силните“[6], од групата Рап Нация кој е издаден во 1992 година. Истата година излегува и албумот на рап групата од град Варна - Хамбургер М насловен како *Рап купон*. Дел од оваа група се Мишо Шамара и DJ Dian Solo. Сепак, хип-хопот стекнува голема популарност во Бугарија со вториот проект на Мишо Шамара, а тоа е рап групата Гумени глави. Нивниот деби албум *Квартал № 41* од 1994 година направил вистинска сензација на музичката сцена во Бугарија, а следела и продажба на големи тиражи. Во 1995 година, групата Амнистия од Добрич го издала албумот *Беглецът*, кој се уште е репер во бугарската рап музика. Во овој период се појавуваат и многу други хип-хоп артисти како Н.И.Ш.Т.О., Другите, Квартални братя, Пържени мъслини, Дървеняци, Dead side и М'глата. Во 1995 година Васко Теслата го организира најголемиот хип-хоп настан во Бугарија до тој момент, наречен „Чудовишта на бугарскиот рап“. Се појавуваат се повеќе рап артисти и се одржуваат хип-хоп концерти и фестивали. Годишен хип-хоп фестивал се одржува во град Разград, каде што во 1997 година се појавува групата Ъпсурт, која подоцна станува една од најпоуларните хип-хоп групи во Бугарија. Во овој период, поради појавата на сè повеќе артисти кои немаат претходно искуство во хип-хоп музиката и кратко се задржуваат на музичката сцена, како и поради брзите економски и општествени промени во земјата, започнува благо опаѓање на хип-хоп музиката во Бугарија.

**Втор бран на бугарскиот хип-хоп**

[6] https://www.youtube.com/watch?v=d8uc_nc3YRQ (Пристапено на 26.8.2023)

Во 2000 година, DJ Станчо од групата Динамик ја основа музичката издавачка куќа Sniper Records. Sniper Records го сочинуваат артисти како: Спенс, Слим, Димна завеса, Bobo, Da Drill, DRS, Нокаут, OCG, D-Flow, Квартални Братя, Skopie via Sofia, DJ UG и др. Првите рап концерти на странски рап артисти во Бугарија се во организација на Sniper Records, како и редица Балкански хип-хоп фестивали. DJ Станчо го издава и списанието „Нокаут“ кое претставува прво списание за хип-хоп музика и култура во Бугарија. Во исто време во Варна, по распаѓањето на групата Гумени глави, Мишо Шамара ја продолжува својата кариера и ја создава музичката издавачка куќа R'N'B Records со помош на Ванко 1. Во редовите на R'N'B Records влегуваат хип-хоп артисти како: Конса, Лошите, Бенджамини, Кобака, Дребен G, Иво Малкия и др. Со R'N'B Records се поврзани и различни дополнителни дејности поврзани со хип-хоп, како што се отворање на брендирани R'N'B: дискотека, кафуле, продавница, модна линија, списание и др.

Како пандан на непријателството меѓу источниот и западниот брег во САД, се развива конфронтација помеѓу Sniper Records што ја претставува Софија (таканаречениот западен дел) и R'N'B Records што ја претставува Варна (источниот дел на Бугарија). Една од главните причини за расправијата е конфликтот меѓу главните ѕвезди на овие музички издавачки куќи Спенс и Мишо Шамара. Sniper Records и R'N'B Records претставуваат два различни пристапи кон хип-хоп музиката. Од една страна, артистите од Sniper Records се занимаваат со различни теми како што се проблеми со тешки наркотици, декриминализација и употреба на лесни дроги, корупција, полициско насилство, алчност, промена на политичкиот систем, елементи на хип-хоп културата како што се цртање графити, танц и забава, т.е. главно теми кои влијаат на секојдневниот живот на младите луѓе во големиот град. Од друга страна, артистите од R'N'B Records се занимаваат со хип-хоп музика каде главните теми кои преовладуваат во нивните песни се парите, моќта, луксузот, жените, автомобилите, пиењето и забавата, лесното живеење и прикажувањето на себеси како гангстери.

Надвор од овие две дискографски куќи, позначајни хип-хоп артисти од вториот бран на бугарскиот хип-хоп се следните: Ъпсурт, Румънеца и Енчев, Устата, X-team, Колумбиеца и М'глата, 100 кила, Хората от гетото, Ударната група, Лицето, Millioni, Светците, Dr. Pit, Lady B, Ice Cream, KingSize, Хората на изгрева, Играчите, DJ T-Fresh и др. По 2005 година, се распаѓаат двете водечки дискографски куќи, а

хип-хопот во Бугарија повторно започнува да ја губи својата популарност.

**Трет бран на бугарскиот хип-хоп**

Со крајот на вториот бран, хип-хопот во Бугарија на одреден период продолжил како андерграунд. Главно се дистрибуирале демо верзии од песни и албуми на различни артисти. Како активни хип-хоп артисти од овој период ги издвојуваме: Сарафа, Бате Сашо, Бате Пешо, MD Mannasey (Маната), Second Hand Krew, MD Beddah, DiS (Denyo и Сенсей), Смотан MC (Ndoe од DRS), Shano Crew, Illmate (Wosh MC, Logo 5, FARS), RaggaOne и др. По 2010 година, бугарскиот хип-хоп повторно се здобива со популарност, благодарение на хип-хоп артисти како 100 Кила, Криско, Жлъч, Атила, Wosh Mc, Секта, Керанов, Димчо, Явката ДЛГ, Боро Първи, ЕССС, МВТ, Бандата на Ръба, Ndoe, Скандау, Young BB Young, Alex P, Pavell & Venci Venc', Гери Никол и др. По 2015 година, во Бугарија се појавуваат претставници на трап музиката. Се појавуваат многу битмејкери, нови, но помали издавачки куќи кои издаваат многу албуми, главно во дигитален формат, но и на ЦД, а некои изданија се на плочи. Со дигитализацијата на музиката, главните платформи за промоција на бугарскиот хип-хоп и новите артисти како FYRE, Mom4eto, DJAANY, V:RGO и други се Youtube, Spotify итн.

**Анализа на дејноста на музичките издавачки куќи Sniper и R'N'B**

Во текстот подолу е направен преглед на официјалните изданија на музичките издавачки куќи Sniper и R'N'B Records. За подобра прегледност, изданијата се презентирани табеларно, а во прилог се дадени имињата на артистите, насловите на албумите, годината на издавање, како и насловните страни на изданијата.

**Табела 1.** Официјални изданија на музичката издавачка куќа Sniper Records

| | **Артист** | **Наслов на албум** | **Година** | **Омот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Димна Завеса | *Квото трябва да се кае ше се кае* | 2001 |  |
| 2 | Spens | *Прекалено лично I* | 2001 |  |
| 3 | Various Artists | *Хип-хоп Горила I* | 2001 |  |
| 4 | Da Drill | *96* | 2002 |  |
| 5 | Various Artists | *Хип-хоп Горила II* | 2002 |  |
| 6 | Слим | *Филмотека: Slimisimo* | 2002 |  |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Нокаут | *Demo* | 2003 |   |
| 8 | Spens | *Прекалено лично II* | 2003 |   |
| 9 | Квартални Братя | *Луната пак изгрява* | 2003 |   |
| 10 | Various Artists | *Хип-хоп Горила III* | 2003 |   |
| 11 | Skopie via Sofia | *Нашият сън* | 2005 |   |
| 12 | Knas & Bacardy | *Still Starvin* | 2005 |   |

**Извор**: https://www.discogs.com/label/940137-Sniper-Records (Пристапено на 26.08.2023)

Од табелата 1, може да се забележи дека во периодот 2000-2005 година, официјалните изданија на музичката издавачка куќа Sniper Records се 12 на број. Од нив, три се во 2001 година, три се во 2002 година, четири се во 2003 година, а две изданија се во 2005 година. Музичкиот

опус на Sniper Records вклучува 12 албуми на артисти и групи (Da Drill – 96, единствен албум меѓу изданијата на женски хип-хоп артист), како и три компилациски албуми.

**Табела 2.** Официјални изданија на музичката издавачка куќа R'N'B Records

| | **Артист** | **Наслов на албум** | **Година** | **Омот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Конса | *Консенсус* | 2002 |  |
| 2 | Мишо Шамара & Ванко 1 | *Голямата комбина* | 2002 |  |
| 3 | Лошите | *Лошите* | 2002 |  |
| 4 | Бенджамини | *...И няколко цента* | 2002 |  |
| 5 | Various Artists | *R&B Records All Stars Vol.*1 | 2002 |  |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Various Artists | *R&B Records All Stars Vol.2* | 2002 |  |
| 7 | Кобака | *2003* | 2003 |  |
| 8 | Dreben G | *Истории от квартала* | 2003 |  |
| 9 | Мишо Шамара | *Азбуката на живота* | 2003 |  |
| 10 | Various Artists | *R&B Records All Stars Vol.3* | 2004 |  |
| 11 | Various Artists | *Slow Jam Vol.1* | 2004 |  |
| 12 | Мишо Шамара | *Обичай ближния и ближи обичания* | 2006 |  |

**Извор:** https://www.discogs.com/label/940919-RnB-Records (Пристапено на 26.08.2023)

Од табелата 1, може да се забележи дека во периодот 2000-2006 година, официјалните изданија на музичката издавачка куќа R'N'B Records се 12 на број. Од нив, шест се во 2002 година, три се во 2003 година, две изданија се во 2004 година, а едно издание е во 2006 година. Музичкиот опус на R'N'B Records вклучува 12 албуми на артисти и групи, како и три компилациски албуми.

**Заклучок**

Хип-хоп културата е глобален феномен, а хип-хоп музиката со своите влијанија преку многу аспекти придонела во креирањето на современите тенденции на светската музичка сцена. Најголемото влијание од хип-хоп културата се забележува преку популарноста на хип-хоп музиката. За потребите на овој труд беше направен осврт на историскиот развој на хип-хопот во Бугарија. Прегледот на литературата поврзана со хип-хоп културата во Бугарија, покажа дека, постојат редица автори кои пишувале на тематики поврзани со различните аспекти на хип-хоп културата во земјата. Хип-хоп музиката во Бугарија бележи неколку бранови во својот краток историски развој. Главно, овие бранови може да се поделат на три основни: прв бран (период 1991-1997 година), втор бран (период 2000-2005 година) и трет бран или нов бран на хип-хопот од 2005 година па наваму.

За потребите на овој труд, беше направен преглед на официјалните изданија на музичките издавачки куќи Sniper и R'N'B Records како најзначајни претставници на второт бран на бугарскиот хип-хоп. За подобра прегледност, изданијата се презентирани табеларно, а дадени се во прилог имињата на артистите, насловите на албумите, годината на издавање, како и предните фотографии од омотите на изданијата. Во периодот 2000-2005 година, официјалните изданија на музичката издавачка куќа Sniper Records се 12 на број. Од нив, три се во 2001 година, три се во 2002 година, четири се во 2003 година, а две изданија се во 2005 година. Музичкиот опус на Sniper Records вклучува 12 албуми на артисти и групи, како и три компилациски албуми. Во периодот 2000-2006 година, официјалните изданија на музичката издавачка куќа R'N'B Records се 12 на број. Од нив, шест се во 2002 година, три се во 2003 година, две изданија се во 2004 година, а едно издание е во 2006 година. Музичкиот опус на R'N'B Records вклучува 12 албуми на артисти и гру-

пи, како и три компилациски албуми. Оваа издавачка дејност и продуцирањето на музичките албуми придонесува за појава на третиот бран на бугарскиот хип-хоп.

## Литература:


*кирилична:*

Добрева, М. (2002) „Глобален шум или рап и хип-хоп извън Щатите". *Литературен вестник*, 12, (33), 7.

Иванова, М. (2008) „Градът и хип-хоп графитите". *Известия на Регионален исторически музей – Русе*, 13, 102-108.

Стателова, Р. (1995) „Чудовищата на българския рап". *Култура: седмичник за изкуство, култура и публицистика*. 23, (9), 8.

*латинична:*

Alim, S., Chang, J., Wong, C. (2023). *Freedom moves: hip hop knowledges, pedagogies, and futures*. Oakland: University of California Press.

Aprahamian, S. (2023). *The birth of breaking: hip hop history from the floor up.* New York: Bloomsbury Publishing Inc.

Bailey, J. (2014). *Philosophy and Hip Hop: Ruminations on Postmodern Cultural Form*. New York: Palgrave Macmillan.

Broome, J., Munson, L. (2020). *Hip Hop, Art, and Visual Culture: Connections, Influences, and Critical Discussions*. Basel: MDPI.

Terkourafi, M. (2010). *The Languages of Global Hip Hop*. London: Continuum International Publishing Group.

Goldsmith, M., Dawn, U., Fonseca, A. (2019). *Hip Hop around the World: An Encyclopedia*. Santa Barbara: ABC-CLIO, LLC.

Nava, A. (2022). *Street scriptures: between God and hip hop*. Chicago: University of Chicago Press.

Parks, G., Cooper, F. (2022). *Fight the Power: law and policy through hip hop songs*. Cambridge: Cambridge University Press.

Riggs, T. (2018). *St. James Encyclopedia of Hip Hop Culture.* Farmington Hills: Gale, a Cengage Company.

**Dejan Metodijeski, PhD**

## THE SECOND WAVE OF BULGARIAN HIP HOP: AN ANALYSIS OF SNIPER AND R'N'B RECORD LABELS

(Summary)

Hip hop culture is a modern phenomenon that began its global spread through hip hop music in the past three decades. The purpose of the paper is to research the hip hop culture in Bulgaria, through the analysis of the activities of the most influential music labels of the beginning of the millennium. For the needs of the paper, secondary sources of data were used by consulting relevant literature and the Internet. Basically, the development of Bulgarian hip hop can be divided into three waves. The first wave covers the beginnings of Bulgarian hip hop. The paper covers the second wave of Bulgarian hip hop, shown through the activity of SNIPER and R'N'B Records labels. The results of the research show that in the period from 2000 to 2005, in Bulgaria, these two music labels published 24 albums of different artists. This publishing activity and the production of music albums contribute to the emergence of the third wave of Bulgarian hip hop.

**Keywords:** Hip Hop, Bulgaria, SNIPER, R'N'B.

BALKAN HIP HOP
STUDIES
BHHS

2023